**20090831519**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став 5 од Закон за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00), а во врска со член 3 од Рамковната Спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската Комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за Претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија" бр.18/08) и член 3 од Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските Заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од ЕК на Република Македонија и спроведување на помошта според компонентата V (ИПАРД) од инструментот за претпристапна помош („Службен весник на Република Македонија" бр.165/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.06.2009 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (ИПАРД) ЗА ПЕРИОД 2007-2013 ГОДИНА

## I.

(1) Со оваа програма се утврдуваат мерките за поддршка на земјоделството и руралниот развој во рамките на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) за период 2007-2013 и групи инвестициски активности по поединечни мерки и соодветните прифатливи трошоци за инвестиции, финансирање на мерките, дефинирање на корисниците на финансиската помош и условите за користење на финансиска помош.

(2) Целта на оваа програма е преку соодветни мерки за поддршка на земјоделството и руралниот развој да се подобри конкурентноста на земјоделското производство и земјоделско-прехрамбениот сектор преку нивно усогласување со стандардите на Европската Унија и постигнување на одржлива животна средина и социо-економски развој на руралните средини преку поттикнување на економската активност и зголемување на можностите за вработување, преку следниве приоритети:

а) подобрување на конкурентноста на економски оддржливи земјоделски стопанства и земјоделско-прехрамбени капацитети во одредени под-сектори преку инвестиции наменети за подобрување на технолошката и пазарната инфраструктура со цел да се зголеми додадената вредност на земјоделските производи и да се достигнат стандардите на Европската Унија за квалитет, здравствена исправност, безбедност на храната, благосостојба на животните и стандардите за заштита на животната средина.

б) подобрување на квалитетот на живот на руралната популација, зголемување на приходот во руралните средини и создавање на можности за нови вработувања преку развој и диверзификација на економски активности на земјоделски стопанства и вон земјоделски стопанства за да се намали диспаритетот помеѓу регионите и споредбено со урбаните средини.

II.

(1) За користење на средствата од Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД), согласно Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските Заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од ЕК на Република Македонија и спроведување на помошта според компонентата V (ИПАРД) од инструментот за претпристапна помош, предвидени се следниве мерки за финансиска поддршка со соодветна кодификација:

| | |
|---|---|
| Мерка 101 | Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија; |
| Мерка 103 | Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија |
| Мерка 302 | Диверзификација и развој на рурални економски активности. |

(2) Мерката 101 Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија ги опфаќа следниве подмерки и поединечни инвестициони активности:

1.Обновување на постоечки лозовите насади (10111)

- Набавка на садници од винова лоза (Vitis vinifera) на сорти наведени во Правилникот за класификација на сорти на грозје за производство на вино со исклучок на хибридни сорти.;
- Набавка на опрема за потпорна конструкцијата вклучително колчиња, столбови и крајни анкери направени од дрво, челик, бетон или друг материјал, опрема за заземјување на инсталацијата, анкери и затегнувачи;
- Набавка на опрема за микро иригациони системи за наводнување на земјоделско стопанство (наводнување капка-по-капка, подземно наводнување-субиригација, микро прскалки и наводнување со оросување) вклучувајќи базени, цистерни/резервоари за вода, пумпи, филтри, опрема за поставување на разводна мрежа, опрема за единица за фертиригација, регулаторска опрема за проток, компјутерска опрема и компјутерски софтвер за регулација на системот за наводнување;
- Набавка на опрема за кроење; опрема за мулчирање, косилки
- Набавка на ротосекачи;
- Набавка на чистачи на коров/плевел;
- Набавка на прскалки за заштитни средства, приклучни за сите теренски возила, грбни или самоподвижни прскалки за заштитни средства, атомизери, опрашувачи, апликатори за цврсти и течни минерални ѓубрива, апликатори за цврсти и течни органски ѓубрива;
- Набавка на елементи и опрема за поставување на заштитни мрежи против град
- Работи извршени од трети лица за рамнење и чистење на теренот (сечење и изнесување на гранки, корнење на ќутуци, чистење на корења), подготовка на земјата за садење (риголовање, рамнење, плитка обработка, размерување и маркирање, отварање на бразди), садење на винова лоза (копање на дупки и садење), инсталација на компоненти за потпорна конструкција, поставување на заштитни мрежи против град; инсталација на систем за наводнување, вклучително и компјутерска опрема и софтвер за регулација на системот за

наводнување.
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

2. Обновување на постоечки овошни насади (10121)

- Набавка на овошни садници (вклучувајќи лозови насади за суво грозје, трпезно грозје и нискостеблести овошки) од сорти наведени во Правилникот за домашни и странски одобрени сорти на овошен саден материјал со исклучок на хибридни сорти.;.
- Набавка на опрема за потпорна конструкцијата вклучително колчиња, столбови и крајни анкери направени од дрво, челик, бетон или друг материјал, опрема за заземјување на инсталацијата, анкери и затегнувачи, галванизирана челична жица.
- Набавка на опрема за микро иригациони системи за наводнување на земјоделско стопанство (наводнување капка-по-капка, подземно наводнување-субиригација, микро прскалки и наводнување со оросување) вклучувајќи базени, цистерни/резервоари за вода, пумпи, филтри, опрема за поставување на разводна мрежа, опрема за единица за фертиригација, регулаторска опрема за проток, компјутерска опрема и компјутерски софтвер за регулација на системот за наводнување;
- Набавка на опрема за кроење; мулчирање
- Набавка на косилки;
- Набавка на ротосекачи;
- Набавка на чистачи на коров/плевел;
- Набавка на прскалки за заштитни средства, приклучни за сите теренски возила, грбни или самоподвижни прскалки за заштитни средства, атомизери, опрашувачи, апликатори за цврсти и течни минерални ѓубрива, апликатори за цврсти и течни органски ѓубрива;
- Набавка на елементи и опрема за поставување на заштитни мрежи против град и
- Работи извршени од трети лица за рамнење и чистење на теренот (сечење и изнесување на гранки, корнење на ќутуци, чистење на корења), подготовка на земјата за садење (риголовање, рамнење, плитка обработка, размерување и маркирање, отварање на бразди), садење на овошни насади (копање на дупки и садење), инсталација на компоненти за потпорна конструкција, поставување на заштитни мрежи против град; инсталација на систем за наводнување, вклучително и компјутерска опрема и софтвер за регулација на системот за наводнување.
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

3. Изградба и обновување на пластеници (со исклучок на тунелски фолии) (10131 )

- Набавка на материјали за конструкција на пластеници (носечки конструкции од метал, пластичен покривен материјал направен од крути пластични панели или најлонски платна (зајакнат полиетилен, зајакната пластика со фиберглас (ЗПФ), поликарбонат, акрилни или други покривни материјали со век на траење од најмалку 5 години, материјали за конструкција на заштитни покривки против град и снег, градежни елементи за објекти за чување на горивото и засолништа за опремата);
- Набавка на опрема за комуналии – водовод, греење/микроклиматски инсталации, вентилација, електрична инсталација, одвод, канализација и третман на отпадни води
- Набавка на опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија) ;
- Набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на системот за греење, разладување, влажност на воздухот и наводнување, сензори и скрининг во пластениците ;
- Набавка на опрема за микро иригациони системи за наводнување на земјоделско стопанство (наводнување капка-по-капка, подземно наводнување-субиригација, микро прскалки и наводнување со оросување) вклучувајќи базени, цистерни/резервоари за вода, пумпи, филтри, опрема за поставување на разводна мрежа, опрема за единица за фертиригација, регулаторска опрема за проток, компјутерска опрема и компјутерски софтвер за регулација на системот за наводнување;
- Набавка на опрема за кроење; мулчирање;
- Набавка на косилки;
- Набавка на ротосекачи;
- Набавка на чистачи на коров/плевел;
- Набавка на прскалки за заштитни средства, приклучни за сите теренски возила, грбни или самоподвижни прскалки за за заштитни средства, атомизери, опрашувачи, апликатори за цврсти и течни минерални ѓубрива, апликатори за цврсти и течни органски ѓубрива;
- Набавка на елементи и опрема за поставување на заштитни мрежи против град и
- градежни услуги за поставување на материјали за конструкција на пластеници вклучувајќи услуги за конструкција на заштитни покривки од снег и град и изградба или подобрување на објектите за чување на горивото и засолништа за опремата,инсталација на опрема за водовод, греење-микроклиматски инсталации, вентилација, електрична инсталација, одвод, канализација и третман на отпадни води, инсталација на прифатливата опрема вклучувајќи опрема за наводнување, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на системот за греење, разладување, влажност на воздухот, сензори и скрининг во оранжериите и за регулација на системот за наводнување.
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

4. Изградба и обновување на постоечки стаклeници(10132)

- Набавка на материјали за конструкција на стакленици (носечки конструкции од метал, греди, дрво или друг материјал, покривни панели од стакло, плексиглас за изградба или обновување на постојните стакленици, материјали за конструкција на заштитни покривки против град и снег, градежни елементи за изградба или подобрување на капацитети за расадници за зеленчук, градежни елементи за засолништа за опремата за беспочвено одгледување, градежни елементи за објекти за чување на горивото и засолништа за опремата );
- Набавка на опрема за комуналии – водовод, греење/микроклиматски инсталации, вентилација, електрична инсталација, одвод, канализација и третман на отпадни води
- Набавка на опрема за капацитети за беспочвено одгледување,
- Набавка на опрема за расадници за зеленчук,
- Набавка на опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија) ;
- Набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на сите еколошки фактори, греење, разладување, вентилатори, пумпи, вбризгувачи, вентили, осветлување, пристап до податоци за внатрешните и надворешните фактори во стаклениците;
- Набавка на опрема за микро иригациони системи за наводнување на земјоделско стопанство (наводнување капка-по-капка, подземно наводнување-субиригација, микро прскалки и наводнување со оросување) вклучувајќи базени, цистерни/резервоари за вода, пумпи, филтри, опрема за поставување на разводна мрежа, опрема за единица за фертиригација, регулаторска опрема за проток, компјутерска опрема и компјутерски софтвер за регулација на системот за наводнување;
- Набавка на опрема за мулчирање;
- Набавка на косилки;
- Набавка на ротосекачи;
- Набавка на чистачи на коров/плевел;
- Набавка на прскалки за заштитни средства, приклучни за сите теренски возила, грбни или самоподвижни прскалки за заштитни средства, атомизери, опрашувачи, апликатори за цврсти и течни минерални ѓубрива, апликатори за цврсти и течни органски ѓубрива;
- Работи извршени од трети лица за градежни услуги за поставување на материјали за изградба на стакленици вклучувајќи услуги за конструкција на заштитни покривки од снег и град, изградба или подобрување на објектите за чување на горивото и засолништа за опремата, изградба или подобрување на капацитети за расадници за зеленчук, изградба или подобрување на капацитети за беспочвено одгледување,инсталација на опрема за водовод, греење-микроклиматски инсталации, вентилација, електрична инсталација, одвод, канализација и третман на отпадни води, инсталација на прифатливата опрема вклучувајќи опрема за наводнување,инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на сите еколошки фактори, греење, разладување, вентилатори, пумпи, вбризгувачи, вентили, осветлување, пристап до податоци за внатрешните и надворешните фактори во стаклените градини.
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на

спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

5. Изградба и обновување на објектите за постбербени активности на постоечки пластеници и стакленици (со исклучок на тунелски фолии)( 10133)

- Набавка на материјали за градба и елементи за конструкција на нови објекти или обновување на постоечките објекти за постбербени активности и складирање на свеж зеленчук;
- Набавка на опрема за водовод, греење/микроклиматски инсталации, вентилација и клима систем, електрична инсталација, одвод, канализација и третман на отпадни води ;
- Набавка на опрема за селектирање на оштетени култури ;
- Набавка на опрема за миење и сушење ;
- Набавка на опрема за сортирање и калибрирање ;
- Набавка на опрема за пакување и етикетирање ;
- Набавка на опрема за системи на подвижни ленти ;
- Набавка на опрема за пред-ладење, ладење и замрзнување ;
- Набавка на опрема за складирање и мерење тежина ;
- Набавка на опрема за манипулација, товарање, растоварање, вилушкари ;
- Набавка на опрема за мониторинг на квалитет, контрола и системи за следливост при приемот, чувањето и дистрибуција
- Набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за следење и контрола на температура и релативна влажност.
- Работи извршени од трети лица за градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба,инсталација на опрема за водовод, греење/микроклиматски инсталации, вентилација и клима систем, електрична инсталација, одвод, канализација и третман на отпадни води, инсталација на прифатливата опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за следење и контрола на температура и релативна влажност.
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

6. Модернизација на производството на зеленчук на отворено(10134)

- Набавка на опрема за микро иригациони системи за наводнување на земјоделско стопанство (наводнување капка-по-капка, подземно наводнување-субиригација, микро прскалки и наводнување со оросување) вклучувајќи базени, цистерни/резервоари за вода, пумпи, филтри, опрема за поставување на разводна мрежа, опрема за единица за фертиригација, регулаторска опрема за проток, компјутерска опрема и компјутерски софтвер за регулација на системот за наводнување;

- Набавка на опрема за мулчирање;
- Набавка на косилки;
- Набавка на ротосекачи;
- Набавка на чистачи на коров/плевел;
- Набавка на прскалки за заштитни средства, приклучни за сите теренски возила, грбни или самоподвижни прскалки за за заштитни средства, атомизери, опрашувачи, апликатори за цврсти и течни минерални ѓубрива, апликатори за цврсти и течни органски ѓубрива;
- Набавка на елементи и опрема за поставување на заштитни мрежи против град;
- Работи извршени од трети лица за поставување на заштитни мрежи против град, инсталација на систем за наводнување, вклучително и компјутерска опрема и софтвер за регулација на системот за наводнување.
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

7. Изградба/обновување на објектите за одгледување на молзни крави, овци и кози (10141)

- *Набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за обновување на* постојните штали и простории за одгледување на молзни животни (крави, овци и кози), вклучувајќи опрема за обновување или да се обезбедат и други заградени простории како одделни придружни простории за одмарање/ молзење/ стрижење (за овци)/ инсеминација/ породилиште/ боксови за младите/ карантин за сомнителни грла, капацитети за чување на млекото/капацитети за чување на опремата, простории за чување на хигиенската опрема (за чистење и испирање), градење на депоа за арско ѓубриво и резервоари за собирање на арско ѓубриво, колектори и платформи, подобрување на придружните објекти за чување на концетрат и кабаста сточна храна и амбари за сено;
- Набавка на опрема за вентилација, одржување на оптимална микроклима, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации
- Набавка на опрема за систем за исхрана,
- Набавка на опрема за систем за водопој,
- Набавка на опрема за молзење и молзни системи,
- Набавка на автоматски или подвижни молзни агрегати,
- Набавка на опрема за манипулација и складирање на арско ѓубриво вклучително механизација за чистење и манипулација на арско ѓубриво,
- Набавка на елеватори за зрнеста храна и силажа,
- Набавка на опрема за производство на сточна храна (млинови, мешалки за храна, миксери итн.);
- Набавка на опрема за молзење и молзни системи (автоматски или подвижни молзни агрегати,лактофризери за складирање, опрема за ладење на млекото, опрема за мерење на количината на измолзено млеко и опрема за мерење на квалитет,опрема за чистење (компресори на пареа или вода, стерилизатори итн.),компјутерска опрема и компјутерски софтвер за опремата за молзење ;
- Набавка на елементи за оградување вклучително опрема за електрична ограда

со низок напон
- Работи извршени од трети лица: градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба,инсталација на опрема за вентилација, одржување на оптимална микроклима, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации,инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за опремата за молзење;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

8. Набавка на наменска опрема за молзење, ладење и складирање на млекото(10142)

- Набавка на опрема за молзење и молзни системи ;
- Набавка на автоматски или подвижни молзни агрегати ;
- Набавка на лактофризери за складирање ;
- Набавка на опрема за ладење на млекото;
- Набавка на опрема за мерење на количината на измолзено млеко и опрема за мерење на квалитет ;
- Набавка на опрема за чистење (компресори на пареа или вода, стерилизатори итн.);
- Набавка на опрема за манипулација и складирање на арско ѓубриво вклучително механизација за чистење и манипулација на арско ѓубриво ;
- компјутерска опрема и компјутерски софтвер за опремата за молзење ;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за договори и дозволи

9. Изградба/обновување на објектите за одгледување на маторици и свињи во тов (10151)

- Набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за подобрување на постојните штали и објекти за одгледување маторици и свињи во тов, подобрување на постојните штали и објекти за да се обезбедат и други заградени простории како одделни придружни простории за вештачко осеменување/ хранење/ чекалиште/ опрасување/ одгледувалиште/ гоилиште/ карантин/ објекти за чување на опремата, простории за чување на хигиенската опрема (чистење и испирање), градење на депоа за арско ѓубриво и резервоари за собирање на арско ѓубриво, колектори и платформи,опрема за подобрување на придружните објекти на земјоделско стопанство за складирање на концетрирана и кабаста сточна храна .
- Набавка на опрема за вентилација, одржување на оптимална микроклима, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации,

- Набавка на опрема за систем за исхрана,
- Набавка на опрема за систем за водопој,
- Набавка на опрема за вагање,
- Набавка на опрема за манипулација и складирање на арско ѓубриво вклучително механизација за чистење и манипулација на арско ѓубриво,
- Набавка на елеватори за зрнеста и течна храна,
- Набавка на опрема за производство на сточна храна (млинови, мешалки за храна, миксери итн.),
- Набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на амбиенталните услови, температура, системот за вентилација и системот за исхрана .
- Набавка на елементи за оградување вклучително опрема за електрична ограда со низок напон
- Работи извршени од трети лица за градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба,инсталација на опрема за вентилација, одржување на оптимална микроклима, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации,инсталација на прифатлива опрема,инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на амбиенталните услови, температура, системот за вентилација и системот за исхрана.
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци.

10. Воспоставување на нови живинарски капацитети на земјоделски стопанства за одгледување на бројлери и модернизација на постоечките (10152)

- Набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за градење на нови капацитети за одгледување на бројлери вклучително други заградени простории како одделни придружни простории за тов на живина/ испуст/ размножување/ карантин/ објекти за чување на опремата, простории за чување на хигиенската опрема (чистење и испирање),подобрување на постојните капацитети за одгледување живина за обезбедување други заградени простории како одделни придружни простории за тов на живина/ испуст/ размножување/ карантин/ објекти за чување на опремата, простории за чување на хигиенската опрема (чистење и испирање), градење на депоа за арско ѓубриво и резервоари за собирање на арско ѓубриво, колектори и платформи,подобрување на придружните објекти на земјоделско стопанство за складирање на сточна храна ;
- Набавка на опрема за вентилација, одржување на оптимална микроклима, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации,
- Набавка на опрема за систем за исхрана,
- Набавка на опрема за систем за водопој,
- Набавка на опрема за вагање,
- Набавка на опрема за манипулација и складирање на арско ѓубриво вклучително механизација за чистење и манипулација на арско ѓубриво,
- Набавка на елеватори за зрнеста храна ,
- Набавка на опрема за производство на сточна храна (млинови, миксери итн.),
- Набавка на опрема за чистење (компресори на пареа или вода, стерилизатори

итн.)
- Набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на греењето, системот за вентилација, водопој, исхрана, систем за прибирање и обработка на податоци.
- Набавка на огради и елементи за оградување за ограничување на просторот ;
- Работи извршени од трети лица за градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба,инсталација на опрема за вентилација, одржување на оптимална микроклима, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации,инсталација на прифатлива опрема,инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на греењето, системот за вентилација, водопој, исхрана, систем за прибирање и обработка на податоци ;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци.

(3) Мерката 103 Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи за нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија ги опфаќа следниве подмерки и поединечни инвестициони активности:

1. Инвестиции за набавка на опрема за подобрување на квалитетот на виното (10311)

- набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за подобрување на постоечките погони за обезбедување на одделни простории за лабораторија за контрола на квалитетот;
- набавка на опрема за лабораториските простории вклучително систем на греење и вентилација, водовод, канализациска мрежа, електрични инсталации;
- набавка на лабораториска опрема (со исклучок на мебел и стаклени инструменти) и лабораториски апарати;
- набавка на опрема за микро-филтрација;
- набавка на опрема за ладна стабилизација (чилери);
- набавка на опрема за шиширање (вклучително подвижни и статични единици за шиширање);
- набавка на опрема за чистење;
- набавка на опрема за етикетирање и пакување;
- набавка на опрема за мониторинг на квалитет, системи за контрола и следливост при прием, складирање и преработка;
- набавка на опрема за манипулација и складирање на отпад;
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за мерење на нивото на шеќер и киселост во грозјето, контрола на температура, шиширање, системот за етикетирање, анализатор на вино;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за системите за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрична инсталација, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за

мерење на нивото на шеќер и киселост во грозјето, контрола на температура, шиширање, системот за етикетирање, анализатор на вино;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

2. Инвестиции за изградба и обновување на објекти за воспоставување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук (10321)

- набавка на материјали за градба и елементи за изградба на нови објекти за собирање, прием, разладување, складирање и лабораториски простории за овошје и зеленчук, обновување на постојните објекти за собирање, прием, ладење, складирање и простории за контрола на квалитет на овошје и зеленчук;
- набавка на опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации;
- набавка на опрема за прочистителни станици;
- набавка на опрема за селектирање на оштетени култури;
- набавка на опрема за детектирање на метал и стакло или други цврсти материјали;
- набавка на опрема за миење и сушење;
- набавка на опрема за сортирање и калибрирање;
- набавка на опрема за пакување и етикетирање;
- набавка на опрема за системи на подвижни ленти;
- набавка на опрема за пред-ладење, ладење и замрзнување;
- набавка на опрема за складирање и мерење на тежина;
- набавка на опрема за манипулација, товарање, растоварање, вилушкари;
- набавка на опрема за мониторинг на квалитет, системи за контрола и следливост при прием, складирање и дистрибуција;
- набавка на опрема за прочистителни станици, манипулирање и складирање на отпад;
- набавка на опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за манипулација, системот за прием, дистрибуција, сортирање, пакување;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за манипулација, системот за прием, дистрибуција, сортирање, пакување;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

3. Инвестиции за набавка на опрема за подобрување и модернизирање на производствените технологии во капацитетите за преработка на овошје и зеленчук (10322)

- набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за објекти за хигиенско миење и сушење на раце, туш-кабини, тоалети, санитарно хигиенски простории и преслекувални, подобрување на постојните капацитети за инсталација на производствена опрема, подобрување на постојните капацитети за обезбедување на лабораториски простории;
- набавка на опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации;
- набавка на опрема за прочистителни станици;
- набавка на опрема за сецкање, мелење и друга опрема за подготовка за преработка;
- набавка на опрема за сортирање и калибрирање;
- набавка на опрема за пастеризација;
- набавка на опрема за стерилизација;
- набавка на опрема за конзервирање;
- набавка на опрема за сушење;
- набавка на опрема за дехидрација;
- набавка на опрема за замрзнување;
- набавка на опрема за детектирање на метал и стакло или други цврсти материјали;
- набавка на опрема за автоматско пакување и етикетирање;
- набавка на опрема за контрола на квалитет на производи вклучително лабораториска опрема (со исклучок на мебел и стаклени инструменти) и лабораториски апарати;
- набавка на опрема за автоматизирано чистење;
- набавка на опрема за мониторинг на квалитетот и системи за контрола и следливост;
- набавка на опрема за манипулација и складирање на отпад;
- набавка на опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за сортирање, сушење, ладење, бланширање, готвење со висок и низок притисок, замрзнување, дехидрација, пастеризација, филтрација, пакување;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за сортирање, сушење, ладење, бланширање, готвење со висок и низок притисок, замрзнување, дехидрација, пастеризација, филтрација, пакување;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

4. Инвестиции за воспоставување и модернизација на собирни центри за млеко (10331)

- набавка на материјали за градба и елементи за изградба на нови објекти за собирање, прием, ладење, складирање на сурово млеко и лабораториски простории, вклучувајќи простории за складирање на опремата за чистење и одржување на хигиената , подобрување на постојните објекти за собирање, прием, ладење, складирање на сурово млеко и лабораториски простории, објекти за хигиенско миење и сушење на раце, туш-кабини, тоалети, санитарно хигиенски простории и преслекувални, подобрување на постојните капацитети за обезбедување на лабораториски простории;
- набавка на опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации;
- набавка на опрема за прочистителни станици за вода;
- набавка на опрема за собирање на млеко;
- набавка на опрема за прием на млеко;
- набавка на опрема за складирање на млеко;
- набавка на опрема за ладење на млеко;
- набавка на опрема за мерење на количина на млеко и прибор за мерење на квалитет на млеко;
- набавка на лабораториска опрема (со исклучок на мебел и инструменти од стакло) и лабораториски апарати;
- набавка на опрема за следење на квалитет и системи за контрола и следливост,
- набавка на опрема за транспорт на сурово млеко (разладни танкови и резервоари за транспорт);
- набавка на опрема за автоматизирано перење;
- набавка на опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за мерење на количина и/или квалитет на млеко, ладење, анализа, контрола или следење на работата на машините вклучени директно во процесот на собирање на млеко;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за мерење на количина и/или квалитет на млеко, ладење, анализа, контрола или следење на работата на машините вклучени директно во процесот на собирање на млеко;
- *општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии,* градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

5. Инвестиции за модернизација и технолошко осовременување на специјализирани капацитети за преработка на млеко (10332)

- набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за објекти за

хигиенско миење и сушење на раце, туш-кабини, тоалети, санитарно хигиенски простории и преслекувални, подобрување на постојните капацитети за инсталација на производствена опрема, подобрување на постојните капацитети за лабораториски простории;

- набавка на опрема за систем за греење, вентилација и климатизација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации;
- набавка на опрема за собирање и подготовка на сурово млеко за преработка;
- набавка на опрема за мерење на количина на млеко и прибор за мерење на квалитет на млеко;
- набавка на опрема за прием, филтрација, деаерација, прочистување, микро и ултрафилтрација, бактофугација, ладење, сепарација, хомогенизација и кондензирање на млекото;
- набавка на опрема за полнење, пакување и амбалажирање на свежо млеко,
- набавка на опрема за производство, пакување и амбалажирање на ферментирани млечни производи;
- набавка на опрема за производство, пакување и амбалажирање на сирење;
- набавка на опрема за производство, пакување и амбалажирање на павлака;
- набавка на опрема за производство, пакување и амбалажирање на кисело млеко;
- набавка на опрема за производство, пакување и амбалажирање на јогурт;
- набавка на опрема за пастеризација;
- набавка на опрема за стерилизација;
- набавка на опрема за чистење и припрема на материјал за амбалажирање;
- набавка на опрема за ЦИП (чистење на место);
- набавка на опрема за чистење и дезинфекција на машини и алати;
- набавка на лабораториска опрема (со исклучок на мебел и инструменти од стакло) и лабораториски апарати;
- набавка на опрема за следење на квалитет и системи за контрола и следливост;
- набавка на опрема за манипулација, товарање, растоварање, вилушкари;
- набавка на опрема за манипулација и складирање на отпад;
- набавка на опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за мерење на количина и/или квалитет на млеко, пакување, квалитативна анализа, квантитативни податоци, контрола на температура, ладење, топлотен третман, полнење, етикетирање, филтрирање, сепарирање, детектирање на метал и стакло, чистење на танкови;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за систем за греење, вентилација и климатизација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за мерење на количина и/или квалитет на млеко, пакување, квалитативна анализа, квантитативни податоци, контрола на температура, ладење, топлотен третман, полнење, етикетирање, филтрирање, сепарирање, детектирање на метал и стакло, чистење на танкови;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци

за патентни права и лиценци

6. Инвестиции за воспоставување на кланични капацитети за живина(10341)

- набавка на градежна опрема за градење нови објекти за инсталирање на кланични капацитети за живина обезбедувајќи одделни простории за подготовка за колење, карантин на живи птици, чување, проверување на квалитет, простории за чистење, просторија за чување на опремата за хигиена, капацитети за основање на лаборатории за контрола на квалитетот;
- набавка на опрема за водовод и електрична енергија, системи на греење и вентилација (климатизирање и прочистување на воздух), канализационен систем;
- набавка на опрема за третман на вода и систем за прочистување вклучително фаќач на масти;
- набавка на опрема за ладење и греење на вода;
- набавка на воздушен компресор;
- набавка на чистач со висок притисок;
- набавка на опрема за внатрешни ветеринарни проверки и ветеринарен прибор;
- набавка на лабораториска опрема (со исклучок на мебел и инструменти од стакло) и лабораториски апарати;
- набавка на опрема за зашеметување;
- набавка на опрема за искрварување;
- набавка на опрема за попарување;
- набавка на опрема за шурење и кубење на пердувите;
- набавка на опрема за евисцерација;
- набавка на опрема за ладење;
- набавка на опрема за проверување на квалитет и сортирање;
- набавка на опрема за ладно чување и единици за замрзнување;
- набавка на опрема за сечење;
- набавка на опрема за обескостување;
- набавка на опрема за мониторинг, контрола на квалитет и систем на следливост во сите фази на производство и складирање;
- набавка на опрема за манипулација и складирање на отпад;
- набавка на опрема за пакување и етикетирање;
- набавка на опрема за товарање, растоварање, вилушкари;
- набавка на опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- набавка на опрема за чистење и дезинфекција на машини и алати;
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на процесот на транспорт и колење, пред-ладење, ладење, мониторинг, контрола на квалитет и систем за следливост, пакување, етикетирање;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за систем за греење и вентилација, водовод, канализациона мрежа, електрични инсталации, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на процесот на транспорт и колење, пред-ладење, ладење, мониторинг, контрола на квалитет и систем за следливост, пакување, етикетирање;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии

поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

7. Модернизација и технолошко осовременување на постоечките линии на кланици за говеда, свињи и живина(10342)

- набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за подобрување на постојните линии на кланици, обезбедувајќи одделни простории за подготовка за колење, карантин на живи животни или птици, складирање, проверување на квалитет, простории за чистење, простории за опремата за хигиена, објекти за хигиенско миење и сушење на раце, туш-кабини, тоалети, санитарно хигиенски простории и преслекувални;
- набавка на опрема за третман на вода и систем за прочистување вклучително фаќач на масти;
- набавка на опрема за ладење и греење на вода;
- набавка на воздушен компресор;
- набавка на чистач со висок притисок;
- набавка на опрема за внатрешни ветеринарни проверки и ветеринарен прибор;
- набавка на лабораториска опрема (со исклучок на мебел и инструменти од стакло) и лабораториски апарати;
- набавка на опрема за зашеметување;
- набавка на опрема за искрварување;
- набавка на опрема за попарување;
- набавка на опрема за евисцерација;
- набавка на опрема за ладење;
- набавка на опрема за проверување на квалитет и сортирање;
- набавка на опрема за ладно чување и единици за замрзнување;
- набавка на опрема за сечење;
- набавка на опрема за обескострување;
- набавка на опрема за мониторинг, контрола на квалитет и систем на следливост во сите фази на производство и складирање;
- набавка на опрема за манипулација и складирање на отпад;
- набавка на опрема за пакување и етикетирање;
- набавка на опрема за товарање, растоварање, вилушкари;
- набавка на опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- набавка на опрема за чистење и дезинфекција на машини и алати;
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на процесот на транспорт и колење, пред-ладење, ладење, мониторинг, контрола на квалитет и систем за следливост, пакување, етикетирање;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, поставување на опрема за постројки за третман на вода и систем за прочистување вклучително фаќач на масти, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на процесот на транспорт и колење, пред-ладење, ладење, мониторинг, контрола на квалитет и систем за следливост, пакување, етикетирање;

- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

8. Инвестиции во кланични капацитети и капацитети за преработка на месо за заштита на животната средина (10343)

- набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за подобрување на постојните постројки за третман на води, прочистителни станици, фаќачи на масти, поставување на системи за третман и валоризација на отпад;
- набавка на опрема за третман на вода и систем за прочистување вклучително фаќач на масти;
- набавка на опрема за ладење и греење на вода, воздушен компресор, чистач со висок притисок;
- набавка на опрема за манипулација и складирање на отпад;
- набавка на опрема за бренери/крематориум за согорување;
- набавка на опрема за обнова на протеини;
- набавка на опрема за рециклирање на секундарни производи или отпадоци од производствените активности (за подобра валоризација на органскиот отпад, остатоци, маст, крв, сврзно ткиво);
- набавка на опрема за елиминирање на отпад;
- набавка на опрема за чистење и дезинфекција на машини;
- набавка на опрема за пакување и етикетирање;
- набавка на опрема за складирање на секундарни производи;
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на ладење и греење на вода, бренери/крематориуми за согорување, рециклирање, пакување, етикетирање;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, поставување на опрема за постројки за третман на вода и систем за прочистување вклучително фаќач на масти, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на ладење и греење на вода, бренери/крематориуми за согорување, рециклирање, пакување, етикетирање;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

(4) Мерката 302 Диверзификација и развој на рурални економски активности ги опфаќа следниве подмерки:

3021Инвестиции за воспоставување на преработувачки капацитети на земјоделско стопанство и вон земјоделско стопанство (30211)

- набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за градење нови објекти или за подобрување на постојните за инсталирање на преработувачката опрема, капацитети за пакување и складирање за преработувачките дејности на земјоделско стопанство и надвор од земјоделско стопанство содржани во Списокот на преработувачки дејности објавена на веб страницата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;
- набавка на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем;
- набавка на опрема за третман на вода и прочистителни станици за на земјоделско стопанство или надвор од земјоделско стопанство;
- набавка на опрема за преработка на мед и производи од мед;
- набавка на опрема за производство на џем од овошје, овошни сокови и конзервирано овошје и бобинки;
- набавка на опрема за преработка на печурки;
- набавка на опрема за производство на млечни и кисели производи и сирење;
- набавка на опрема за мелење на житарки, производство на колачи, бело пециво и тестенини;
- набавка на опрема за преработка на зеленчук;
- набавка на опрема за сечење, сушење, мелење, дробење на билки за производство на чај и зачини;
- набавка на опрема за пастеризација;
- набавка на опрема за конзервирање;
- набавка на опрема за производство и екстрахирање на ароматични масла и козметички производи;
- набавка на опрема за пакување и етикетирање на производи;
- набавка на опрема за заштеда на енергија (искористување на соларна енергија, ветерници и геотермална енергија);
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за пастеризирање, конзервирање, пакување, етикетирање;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за пастеризирање, конзервирање, пакување, етикетирање;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

2. Инвестиции за воспоставување и модернизација на откупни центри за печурки и лековити/ароматични билки и зачини и капацитети за одгледување на печурки(30212)

- набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за изградба на нови објекти или за подобрување на постојните за инсталирање на опрема за прием (миење, сортирање, класирање), преработка (пастеризација, сушење,

сечење), складирање, пакување и етикетирање на производи од печурки вклучително и придружни капацитети, изградба на нови објекти или за подобрување на постојните за одгледување на печурки и капацитети за производство на компост;
- набавка на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем;
- набавка на опрема за третман на вода и прочистителни станици;
- набавка на опрема за прием (селектирање, миење, сортирање, класирање) на печурки;
- набавка на опрема за преработка на печурки (пастеризација, сушење, сецкање);
- набавка на опрема за складирање (полици, метални сталажи, палети, опрема за утовар, растовар, вилушкари и др.)
- набавка на опрема за одгледување на печурки и производство на компост (исклучувајќи набавка на компост и мицелиум);
- набавка на опрема за пакување и етикетирање на производи;
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на системи за греење и вентилација, селектирање, миење, сортирање, класирање, пакување, етикетирање;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на системи за греење и вентилација, селектирање, миење, сортирање, класирање, пакување, етикетирање;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

3. Инвестиции за воспоставување на работилници за традиционални занаетчиски активности и работилници за одржување на земјоделска механизација (30213), содржани во Списокот на традиционални занаети, објавен на веб страната на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

- набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за изградба на нови објекти или за подобрување на постојните за инсталирање на опрема за традиционални занаетчиски активности содржани во Листата на традиционални занаетчиски дејности објавени на веб страната на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, вклучително и придружни капацитети за пакување и складирање на производи, изградба на нови објекти или за подобрување на постојните за воспоставување на работилници за одржување на земјоделска механизација вклучително и придружни капацитети за складирање на опремата и алатите, паркинг простор и стреи;
- набавка на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем;
- набавка на опрема и алати за сечење и резбарење на дрво;

- набавка на опрема и алати за дрводелство;
- набавка на опрема и алати за влачење на волна;
- набавка на опрема и алати за боење на волна;
- набавка на опрема и алати за производство на производи од дрво;
- набавка на опрема и алати за правење теписи и волнени покривки, волнени материјали, или други производи од волна;
- набавка на опрема и алати за седларници;
- набавка на опрема и алати за плетење;
- набавка на опрема и алати за везење;
- набавка на опрема и алати за шиење и кроење;
- набавка на опрема и алати за производство и преработка на филц-не ткаена волна;
- набавка на опрема и алати за ковачници;
- набавка на опрема и алати за лимарија;
- набавка на опрема и алати за припрема на кожа и производство на производи од кожа;
- набавка на опрема и алати за производство и декорација на грнчарија и керамика;
- набавка на опрема и алати за производство на восочни производи;
- набавка на опрема и алати за изработка на јажиња;
- набавка на опрема и алати за јагленарник (производство на ќумур);
- набавка на опрема и алати за производство на производи од стакло;
- набавка на опрема и алати за производство на метални производи;
- набавка на опрема за пакување и етикетирање;
- набавка на опрема за складирање;
- набавка на опрема и алати за поправка на земјоделска механизација;
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на системи за греење и вентилација, пакување, етикетирање, поправка на земјоделска механизација;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за контрола на системи за греење и вентилација, пакување, етикетирање, поправка на земјоделска механизација;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

4. Инвестиции за реконструкција на објекти на земјоделско стопанство со намена за рурален туризам, надополнети со рекреативни капацитети (30221), согласно минимални стандарди за квалитет за сместување во рурални места објавени на веб страната на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

- набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за подобрување на постојните објекти за обезбедување на услуги за сместување,

угостителство, дегустирање, продажба, рурален музеј, подобрување на санитарно-хигиенски режими, вклучително придружни капацитети и обезбедување пристап за хендикепирани лица, место за излет, специјални санитарни услови, обезбедување на рекреативни капацитети (базени за капење, спортски терени отворени и затворени, коњичко јавање, велосипедизам, риболовство, игралиште за деца)

- набавка на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем, телекомуникациски и интернет услуги;
- набавка на опрема за третман на вода и прочистителни станици за на земјоделско стопанство или надвор од земјоделско стопанство за оваа специфична туристичка активност;
- набавка на опрема за капацитети за сместување вклучително дрвенарија, подни покривки, санитарен јазол (исклучувајќи декоративни додатоци, постелнина, крпи),
- набавка на опрема за угостителство и кујни вклучително прибор (исклучувајќи предмети за домаќинство и залихи за угостителство), трпезариски мебел (исклучувајќи декоративни додатоци);
- набавка на опрема за обезбедување на рекреативни капацитети-базен за капење, спортски терени, штала за коњи, терени за јавање, велосипедизам, игралишта, платформи за риболов и др.;
- набавка на опрема за јавање;
- набавка на опрема за овозможување пристап на хедикепирани лица надвор и внатре во објектите (вклучително елеватори и лифтови) и специјални санитарни услови;
- набавка на опрема за задоволување на санитарни и хигиенски стандарди;
- набавка на телевизори, сателитиски ресивери, радио и аудио опрема;
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за административно управување со рурален туризам;
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, канализационен систем, телекомуникациска и интернет опрема, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за административно управување со рурален туризам;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

5. Инвестиции за градење на угостителски објекти, сместување на отворено (кампови) и капацитети за рекреација(30222)

- набавка на материјали за градба и елементи за конструкција за изградба на нови објекти или за подобрување на постојните за обезбедување на угостителски услуги вклучително придружни капацитети и санитарно/хигиенски барања, обезбедување пристап за хендикепирани лица, место за излет, специјални санитарни услови, обезбедување на рекреативни капацитети

(базени за капење, спортски терени отворени и затворени, коњичко јавање, велосипедизам, риболовство, игралиште за деца)
- набавка на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење и вентилација, климатизација, канализационен систем, набавка на опрема за третман на вода и прочистителни станици за на земјоделско стопанство или надвор од земјоделско стопанство;
- набавка на опрема за угостителство и кујни вклучително прибор (исклучувајќи предмети за домаќинство и залихи за угостителство), трпезариски мебел (исклучувајќи декоративни додатоци);
- набавка на опрема за обезбедување на рекреативни капацитети-базен за капење, спортски терени, штала за коњи, терени за јавање, велосипедизам, игралишта, платформи за риболов и др.;
- набавка на опрема за јавање;
- набавка на телевизори, сателитиски ресивери, радио и аудио опрема;
- набавка на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за административни цели;
- набавка на опрема за задоволување на санитарни, хигиенски и еколошки стандарди за сместување на отворено;
- набавка на опрема за овозможување пристап на хедикепирани лица надвор и внатре во објектите и специјални санитарни услови
- трошоци за работи извршени од трети лица како градежни работи вклучувајќи рушење и чистење на теренот за градба, подготовка на теренот за градба и поставување на елементите за конструкција и материјалите за градба, инсталација на опрема за водовод и електрична енергија, системи за греење, вентилација и климатизација, канализационен систем, инсталација на прифатлива опрема, инсталација на компјутерска опрема и компјутерски софтвер за административни цели;
- општи трошоци за земјишни студии како геолошки, хидролошки студии, градежни услуги како физибилити студии, технички проекти и други студии поврзани со проектот, консултантски услуги и техничка помош во тек на спроведување на проектот обезбедени од овластени експерти, надзор над градежните работи на проектот извршуван од лиценциран надзорник, трошоци за патентни права и лиценци

(5) Мерката 302 Диверзификација и развој на рурални економски активности се однесува за инвестиции со локација во рурално подрачје согласно Уредбата за критериуми за дефинирање на рурални подрачја и Список на рурални подрачја во Република Македонија.

III.

(1) Средствата за реализација на мерките од оваа програма се обезбедени согласно потпрограмата МД Рурален развој од Буџетот на Република Македонија согласно Законот за буџетите и Законот за извршување на буџет за секоја финансиска година од периодот на спроведување на оваа програма.

(2) Финанските средства за спроведување на оваа програма се ко-финансираат во висина од 25% од Буџетот на Република Македонија и 75% од Буџетот на Европската Унија, за соодветната финансиска година. Финансиската помош од Буџетот на Европската Унија се исплаќа во висина од 75% од вредност на вкупните исплатени средства на корисниците по претходно целосно финансирање од Буџетот на Република Македонија.

(3) Распределбата на финансиските средства се врши помеѓу приоритети и помеѓу мерки од оваа програма. Распределбата на финансиските средства согласно приоритетите од став 3 на дел 1 е во следниов сооднос:

- не повеќе од 80% од вкупните средства за спроведување на оваа програма наменети за подобрување на конкурентноста на економски оддржливи земјоделски стопанства и земјоделско-прехрамбени капацитети во одредени под-сектори:
- не повеќе од 20% од вкупните средства за спроведување на оваа програма наменети за подобрување на квалитетот на животот на руралната популација, зголемување на приходот во руралните средини и создавање на можности за нови вработувања.

(4) Распределбата на финансиските средства по мерките од оваа програма е во следниов:

а) не повеќе од 43% од вкупните средства за спроведување на оваа програма наменети за финансиска поддршка предвидена со мерката 101 Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија

б) не повеќе од 35% од вкупните средства за спроведување на оваа програма наменети за финансиска поддршка предвидена со мерката 103 Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија:

в) не повеќе од 18% од вкупните средства за спроведување на оваа програма наменети за финансиска поддршка предвидена со мерката 302 Диверзификација и развој на рурални економски активности; и

г) не повеќе од 4% од вкупните средства за спроведување на оваа програма можат да бидат наменети за трошоци програмирање и за спроведување на оваа програма.

(5) Финансиската помош се исплаќа по принцип на ко-финансирање на вкупно прифатени трошоци за ко-финансирање во висина од 50% од вредноста на прифатените трошоци согласно договорот за користење на средства од оваа програма, освен во следниве случаеви:

- 55% од прифатените трошоци за ко-финансирање на инвестиции на земјоделски стопанства чиј носител е „млад земјоделец";
- 60% од прифатените трошоци за ко-финансирање на инвестиции на земјоделски стопанства во планински региони дефинирани согласно критериумите на Европската Унија и
- 65% од прифатените трошоци за ко-финансирање на инвестиции на земјоделски стопанства во планински региони дефинирани согласно критериумите на Европската Унија и чиј носител е „млад земјоделец".

(6) Висината на вредноста на прифатените трошоци за ко-финансирање е ограничена, врз основа на проценета вредност на висината на трошоци за прифатливите инвестиции по подмерки, на најмала вредност и најголема вредност на прифатени трошоци за ко-финансирање по поединечни мерки, и тоа:

а) За мерката 101 Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија, најмалата вредност на прифатливи трошоци за ко-финансирање изнесува 5.000 евра во денарска противвредност за да се склучи договор за користење на средства, а најголемата вредност на прифатливи трошоци за кофинансирање изнесува:

- не повеќе од 200.000 евра во денарска противвредност на денот на склучување на договорот, за инвестиции во согласност со стандардите на

Европската Унија за заштита на животната средина, јавно здравје, здравје на животните и растенијата, благосостојба на животните и заштита при работа

- не повеќе од 400.000 евра во денарска противредност на денот на склучување на договорот, за инвестиции кои се наменети за прилагодување на целото земјоделското стопанство со стандардите на Европската Унија.

б) За мерката 103 Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи за нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија најмалата вредност на прифатливи трошоци за ко-финансирање изнесува 15.000 евра во денарска противредност за да се склучи договор за користење на средства, а најголемата вредност на прифатливи трошоци за кофинансирање изнесува:

- не повеќе од 400.000 евра во денарска противредност на денот на склучување на договорот, за инвестиции во согласност со стандардите на Европската Унија
- не повеќе од 800.000 евра во денарска противредност на денот на склучување на договорот, за инвестиции кои се наменети за прилагодување на целиот производен капацитет со стандардите на Европската Унија.
- не повеќе од 3.000.000 евра во денарска противредност на денот на склучување на договорот, за инвестиции кои се наменети за отворање нови кланици за живина целосно прилагодени со стандардите на Европската Унија.

в) За мерката 302 Диверзификација и развој на рурални економски активности најмалата вредност на прифатливи трошоци за ко-финансирање изнесува 5.000 евра во денарска противредност за да се склучи договор за користење на средства, а најголемата вредност на прифатливи трошоци за кофинансирање изнесува 200.000 евра во денарска противвредност на денот на склучување на договорот.

## IV.

(1) Корисници на оваа програма се сите приватни субјекти кои вршат инвестициона активност согласно мерките од оваа програма и кои инвестициони активности покажуваат економска одржливост од најмалку 5 години од завршување на инвестиционата активност финансирана согласно оваа програма. За приватни субјекти се сметаат и правните лица кои во својот вкупен капитал имаат удел од државата во висина не повеќе од 25% за целото времетраење на инвестицијата и во период од најмалку 5 години од завршување на инвестиционата активност финансирана согласно оваа програма.

(2) Корисници на мерката 101 Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија се економски одржливи земјоделски стопанства чии носители се физички или правни лица основани согласно Законот за трговски друштва или Законот за задругите, кои се занимаваат примарно со земјоделска дејност или со исполнуваат услови за обавување на земјоделска дејност, кои се упишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласност со Законот за земјоделство и рурален развој и се со следната големина на земјоделски производни капацитети во зависност од инвестиционата активност:

а) За обновување на лозов насад:

- минимум 0.5ха до максимум 20ха површини под лозов насад за физички лица
- минимум 0.5ха до максимум 50ха под лозов насад за правни лица,

б) За обновување на овошен насад:

- минимум 0.5ха до максимум 15ха површина под овошен насад за физички лица
- минимум 0.5ха до максимум 30ха под овошен насад за правни лица

в) За изградба на пластеници (освен тунелски фолии) преку обновување на постоечки пластеници вклучително и замена на тунелски фолии со нов пластеник:

- минимум 0.3ха до максимум 3ха површина под пластеници за физички лица
- минимум 1ха до максимум 8ха под пластеници за правни лица

г) За изградба на стакленици преку обновување на постоечки стакленици:

- минимум 0.1ха до максимум 2.5ха површина под стакленици за физички лица
- минимум 1.5ха до максимум 6ха под стакленици за правни лица

д) За изградба и обновување на објектите за постбербени активности на постоечки пластеници и стакленици (со исклучок на тунелски фолии):

- минимум 0.3ха до максимум 3ха површина под пластеници за физички лица
- минимум 1ха до максимум 8ха под пластеници за правни лица
- минимум 0.1ха до максимум 2.5ха површина под стакленици за физички лица
- минимум 1.5ха до максимум 6ха под стакленици за правни лица

ѓ) За модернизација на производството на зеленчук на отворено:

- минимум 0.5ха до максимум 15ха површина под пластеници за физички лица
- минимум 0.5ха до максимум 30ха под пластеници за правни лица

е) За изградба и обновување на објектите за одгледување на молзни крави, овци и кози или набавка на наменска опрема за молзење, ладење и складирање на млекото:

- минимум 10 грла до максимум 100 грла молзни крави за физички лица, и минимум 15 грла до максимум 150 грла молзни крави за правни лица;
- минимум 50 грла до максимум 500 грла молзни кози за физички лица и минимум 80 грла до максимум 800 грла молзни кози за правни лица;
- минимум 300 грла до максимум 3,000 грла молзни овци за физички лица и минимум 500 грла до максимум 8,000 грла молзни овци за правни лица

ж) За изградба и обновување на објектите за одгледување на маторици и свињи во тов:

- минимум 2,000 свински гоеници (свињи во тов) годишно до 8,000 свински гоеници (свињи во тов) годишно или минимум 40 маторици до максимум 100 маторици за физички лица
- минимум 2,000 свински гоеници (свињи во тов) годишно до 30,000 свински гоеници (свињи во тов) годишно или минимум 40 маторици до максимум 400 маторици за правни лица

з) За воспоставување на нови живинарски капацитети на земјоделски стопанства за одгледување на бројлери и модернизација на постоечките:

- минимум 5,000 бројлери годишно до 30,000 бројлери годишно за физички лица
- минимум 5,000 бројлери годишно до 60,000 бројлери годишно за правни лица

(3) Корисници на мерката 103 Инвестиции во преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи за нивно преструктуирање и надградба за

достигнување на стандардите на Европската Унија се економски одржливи правни лица основани согласно Законот за трговски друштва, во рангот на мали или средни претпријатија, без државен капитал во оснивачкиот влог, регистрирани како обврзници на данок на додадена вредност, кои исполнуваат соодветни услови за вршење на соодветната дејност за преработка на земјоделски производи согласно Законот за безбедност на храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храна и Законот за ветеринарно јавно здравство и кои се со следнава големина:

а) за инвестиции за набавка на опрема за подобрување на квалитетот на виното

- минимум 1500 до максимум 55000 хл годишен капацитет за производство на вино

б) за Инвестиции за изградба и обновување на објекти за воспоставување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук

- минимум 500 до максимум 3,000 тони годишен капацитет на откупните центри

в) за инвестиции за набавка на опрема за подобрување и модернизирање на производствените технологии во капацитетите за преработка на овошје и зеленчук:

- минимум 40 тони до максимум 500 тони годишен капацитет на сушење;
- минимум 500 тони до максимум 5,000 тони годишен капацитет за замрзнување;
- минимум 500 тони до максимум 5,000 тони годишен капацитет за конзервирање/пастеризација;

г) Инвестиции за воспоставување и модернизација на собирни центри за млеко

- минимум 1,500 л/дневно до максимум 30,000 л/дневно капацитет за чување/капацитет за ладење;

д) Инвестиции за модернизација и технолошко осовременување на специјализирани капацитети за преработка на млеко

- минимум 5,000 л/дневно до максимум 100,000 л/дневно;

ѓ) за инвестиции за воспоставување на кланични капацитети за живина

- минимум 10,000 до максимум 30,000 бројлери дневен кланичен капацитет за живина;

е) за модернизација и технолошко осовременување на постоечките линии на кланици за говеда, свињи и живина

- минимум 5,500 бројлери до максимум 30,000 бројлери дневно кланичен капацитет за живина;
- минимум 15 грла до максимум 150 грла дневно кланичен капацитет за говеда;
- минимум 20 грла до максимум 300 грла дневно кланичен капацитет за свињи;

ж) Инвестиции во кланични капацитети и капацитети за преработка на месо за заштита на животната средина

- минимум 5,500 до максимум 30,000 бројлери дневно кланичен капацитет за живина;
- минимум 15 до максимум 150 глави дневно кланичен капацитет за говеда;
- минимум 20 до максимум 300 глави дневно кланичен капацитет за свињи;
- минимум 50 до максимум 4,000 глави дневно кланичен капацитет за јагниња;
- минимум 2,000 до максимум 25,000 тони годишно капацитет на капацитетите за преработка на месо.

(4) По исклучок на став 3 од овој дел како корисници може да се јават и:
- правни лица во рангот на големи претпријатија за дел од претпријатието односно за производен капацитет кој се наоѓа на една локација и во кој се обавува една производна дејност поврзана со преработка на земјоделски производи согласно Законот за безбедност на храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храна и Законот за ветеринарно јавно здравство; и
- земјоделските задруги основани согласно Законот за задругите која обавува земјоделска дејност за инвестиции за изградба и обновување на објекти за воспоставување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук, согласно подмерката 10321 во став 3 точка 2 од дел 2 и инвестиции за воспоставување и модернизација на собирни центри за млеко, согласно подмерката 10331 во став 3 точка 4 од дел 2.

(5) Корисници на мерката 302 Диверзификација и развој на рурални економски активности се:

а) земјоделски стопанства чии носители се физички или правни лица, задруги или други правни лица кои се запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласност со Законот за земјоделство и рурален развој. Во случај на обавување дополнителна дејност на земјоделско стопанство за воспоставување на преработувачки капацитети на земјоделско стопанство, согласно подмерката 30211 во став 4 точка 1 од дел 2 за производни активности, објавени на веб страната на Агенцијата, со следнава големина на капацитети;
- за преработка на овошје и зеленчук-минимум 0,5 ха површина под овошје или зеленчук;
- за преработка на млеко-минимум 10 молзни крави или 150 молзни овци или 50 молзни кози;
- за производство и продажба на мед-минимум 30 пчелни семејства;
- за преработка на медицински/етерични билки и зачини – минимум 0.75ха површини под медицински/етерични билки и зачини, содржани во Листата на медицински/етерични билки и зачински растенија, објавени на веб страната на Агенцијата;
- за преработка и продажба на печурки-миниму 30 м2 капацитет за одгледување на печурки;
- за воспоставување на капацитети за рурален туризам преку инвестиции во вински подруми или објекти на земјоделско стопанство кое се занимава со лозарство, локацијата на земјоделското стопанство да се наоѓа во општини каде се лоцирани 80% од лозовите насади во Република Македонија и да е со дополнителна дејност на земјоделско стопанство за воспоставување на преработувачки капацитети на земјоделско стопанство, согласно подмерката 30211 во став 4 точка 1 од дел 2 за производни активности објавени на веб страната на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, со големина на капацитети со минимум годишен производен капацитет од 20хл годишно до максимум 400хл годишен производен капацитет.

б) Занаетчии регистрирани согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност и/или имаат намера да обавуваат занаетчиска дејност во рурални подрачја на економско одржлив начин;

в) микро претпријатија согласно Законот за трговски друштва кои се регистрирани за обавување на преработка на земјоделски производи во

согласност со Законот за безбедност на храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храна и Законот за ветеринарно јавно здравство;
г) сопственици/концесионери на рибни ревири или концесионери на води за спортски риболов, за подобро користење на економската вредност од природните ресурси во согласност со Законот за рибарство и аквакултура;
д) сопственици на шуми за подобро користење на економската вредност на природните ресурси во согласност со Законот за шуми;
ѓ) земјоделски задруги кои се основани согласно Законот за задруги и упишани во Единствениот регистер на земјоделски стопанства согласно Законот за земјоделство и рурален развој во случај на инвестиции согласно подмерката 30212 во став 4 точка 2 од дел 2 и
е) Трговци поединци и правни лица кои се регистрирани во согласност со Законот за трговски друштва, а кои започнуваат со економска активност .

V.

(1) Исплатата на финансиската поддршка од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата врз основа на претходно одобрени барања со склучен договор за финансиска поддршка за рурален развој и одобрени барања за исплата. Одобрената и исплатената финансиска помош по основ на склучен договор за финансиска поддршка за рурален развој се неповратни во следниве случаеви:

- доколку корисникот не ја отуѓил набавена опрема која е предмет на ко-финансирање во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата од оваа програма
- доколку корисникот не ја оштетил трајно набавена опрема која е предмет на ко-финансирање во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата од оваа програма и за тоа не ја извести Агенцијата;
- доколку корисникот во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата од оваа програма не отстапил од првичната намена на инвестицијата и обавување на дејност и истите не подлегнале на значителни промени кои влијаат на неговиот карактер или на условите за спроведување или даваат неправилна предност на фирма или на јавно тело, и/или произлегуваат или од промена на карактерот на сопственоста или од прекин или менување на локацијата на кофинансираната производствена дејност.

(2) Исплатата на средства може да биде еднократна или во две рати.
(3) Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка од оваа програма во оригален примерок.
(4) Еден корисник може да поднесе повеќе барања по мерка во целиот период на спроведување на оваа програма доколку финансиската поддршка:
а) не надмине максимална вредност на прифатени инвестиции за ко-финансирање во висина :

- до 530.000 евра во денарска противредност за мерка 101
- до 1.100.000 евра во денарска противредност за мерка 103
- до 250.000 евра во денарска противвредност за мерка 302

б) претходниот проект да е финализиран односно финансиската помош да е исплатена во целост.
(5) Извршувањето на сите мерки предвидени со оваа програма е по пат на јавен оглас кој го објавува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во рамките на расположливите средства за спроведување на оваа програма."

(6) Во случај кога за реализација на поединечна мерка се потребни повеќе средства од предвидените со програмата, а друга мерка е нецелосно реализирана, може да се врши пренамена во рамките на вкупно расположливите средства.

VI.

(1) Оваа програма влегува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3054/1
30 јуни 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.